# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 3** **Понеделник, 30 Март 2026** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за распишување на Јавен повик за projавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на еден член на управен и еден член на надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија..............*
2. *Одлука за траен отпис на даночни побарувања од евиденцијата во даночните обврски на Општина Демир Капија заради ненаплатливост..........................................................................*
3. *Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија..........................................*
4. *Одлука за определување зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот (градежни објекти) на подрачјето на Општина Демир Капија..........................................................................*
5. *Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на процената на загрозеност за Општина Демир Капија.....................*
6. *Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на образованието и спортот во 2026 година...................*
7. *Програма за активностите на Општина Демир Капија за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026 год..........................................................................*
8. *Решение за именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување..........................*
9. *Решение за формирање на Комисија за селекција на кандидати по Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на еден член на управен, односно надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија..........................................................................*
10. *Решение за давање согласнот на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП "Бошава" Демир Капија..........................................................................*
11. *Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" Демир Капија за 2025 година...................................*
12. *Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за 2025 година..........................................................................*
13. *Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2025 година.............*
14. *Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2025 година..........................................................................*
15. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2025 година..........................................................................*
16. *Одлука за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Демир Капија.............................*
17. *Решение за одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб ЈАНГ БОИС Неготино.............................................................*
18. *Решение за одобрување финансиски средства..........................................................................*
19. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..........................................................................*
20 *Решение за одобрување на еднократна парична помош..........................................................................*
21. *Решение за одобрување финансиски средства на ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ДЕМИР КАПИЈА Демир Капија....................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на еден член на управен и еден член на надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија**

Се објавува Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на еден член на управен и еден член на надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/1 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите ("Службен весник на РСМ" бр.213/24), Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на еден член на управен и еден член на надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија**

**Член 1**

Советот на Општина Демир Капија распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на еден член на управен и еден член на надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови на управниот и надзорниот одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Демир Капија.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 277/3 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за траен отпис на даночни побарувања од евиденцијата во даночните обврски на Општина Демир Капија заради ненаплатливост**

Се објавува Одлука за траен отпис на даночни побарувања од евиденцијата во даночните обврски на Општина Демир Капија заради ненаплатливост, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/2 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85-а од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21) и член 16 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на Република Македонија бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21), Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За траен отпис на даночни побарувања од евиденцијата во даночните обврски на Општина Демир Капија заради ненаплатливост**

**Член 1**

Со оваа Одлука, согласно евиденцијата од регистарот на базата на податоци во даночните обврски на Општина Демир Капија, се врши траен отпис на ненаплатливи побарувања од даночни обврзници по основ на:

- комунални такси за фирма (назив на деловна просторија), во вкупна вредност од **641.586,00 денари**
- комунална такса за користење на плоштадите и друг простор, во вкупна вредност од **3.000,00 денари**
- данок на имот од правно лице, во вкупна вредност од **16.022,50 денари**

**Член 2**

Отписот на побарувањата од член 1 од оваа одлука утврдено со Извештајот за извршениот попис во Општина Демир Капија за 2025 година се врши поради престанок и бришење од трговскиот регистар на правните субјекти – даночни обврзници.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 277/4
27.03.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/3
30.03.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
За отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија

**Член 1**

Со оваа одлука се врши отпис на застарени обврски кои Општина Демир Капија ги имала спрема други правни лица и се евидентирани во Буџетот на Општина Демир Капија.

**Член 2**

Се врши отпис на застарени обврски во вкупен износ од **280.526,00** денари утврдени по спецификација, која е составен дел на оваа одлука.

Отписот на застарените обврски се врши согласно Извештајот за извршениот попис во Општина Демир Капија за 2025 година.

**Член 3**

Донесувањето на оваа одлука ќе значи право на отпишување на паричните обврски евидентирани во Буџетот на Општина Демир Капија и истата ќе ја спроведе Секторот за финансиски прашања.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 277/5 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за определување зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот (градежни објекти) на подрачјето на Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за определување зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот (градежни објекти) на подрачјето на Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/4 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 5 став 4 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21), а согласно Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), Советот на општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот (градежни објекти) на подрачјето на Општина Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (градежни објекти) на подрачјето на Општина Демир Капија, прикажани во табеларниот преглед.

| Ред. бр. | ОПИС (улица /населено место/место викано) | ЗОНА | БОДОВИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Делот од Демир Капија и тоа градскиот центар од мостот на рекaта Бошавица по должината на ул.Маршал Тито, лево и десно до крстосницата со ул.Првомајска. Левата страна од ул.Првомајска, продолжува од раскрсницата на улиците Првомајска, Радњанска и крак од ул.Илинденска покрај јазот до насипот на река Бошава, улица 11-ти Октомври, ул.Јане Сандански, ул.Маршал Тито, ул.Илинденска, ул.8-ми Март, ул.Питу Гули и ул.29-ти Ноември; | 14 (четиринаесетта зона) | 50 |
| 2. | - Делот од Демир Капија и тоа улица Маршал Тито од раскрсницата со ул.Првомајска до клучка Демир Капија и десната страна на ул.Првомајска, улицата Радњанска, улицата Гоце Делчев, десната страна од ул.Илинденска која што почнува од раскрсницата со ул.Првомајска врти десно по ул.Илинденска покрај јазот до насипот на р.Бошава, улица Борис Кидрич, ул.Наум Наумовски, ул.Орце Николов, ул.Кирил и Методиј, ул.Партизанска, ул.Партизанска 2, ул.Даме Груев, ул.Тиквешка, ул.Димитар Влахов и ул.4-ти Јули и индустриската зона Попова Кула<br>- Населено место Чифлик | 15 (петнаесетта зона) | 40 |
| 3. | - Населено место Корешница<br>- Населено место Бистренци<br>- Населено место Прждево<br>- Населено место Дрен<br>- Локалитет Дошница | 16 (шеснаесетта зона) | 30 |
| 4. | - Населено место Клисура<br>- Населено место Челевец<br>- Населено место Иберли<br>- Населено место Кошарка<br>- Населено место Страмашево<br>- Населено место Драчевица<br>- Населено место Копришница<br>- Населено место Бесвица<br>- Населено место Барово | 17 (седумнаесетта зона) | 15 |

**Член 2**

Макролокацијата е дополнителен елемент според кој се утврдува пазарната вредност на градежните објекти. Под макролокација се подразбира зоната во која се наоѓа зградата.

Вредноста на пресметковниот бод изнесува едно евро во денарска

противвредност (1 бод=1 евро) по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 277/6
27.03.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на процената на загрозеност за Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на процената на загрозеност за Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/5
30.03.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 14 став 1 од Уредбата за методологијата за изработка на проценета на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од проценета ("Службен весник на РСМ" бр.128/2023), Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За отпочнување на активности за ажурирање на процената на загрозеност за Општина Демир Капија**

**Член 1**

Со донесувањето на оваа одлука отпочнуваат активностите за редовно ажурирање на проценета на загрозеност за Општина Демир Капија, координирани од страна на надлежниот регионален центар.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 277/7
27.03.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на образованието и спортот во 2026 година**

Се објавува Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на образованието и спортот во 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/6
30.03.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 62 а во врска со член 22 став 1 точка 6 и 8 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), и член 22-а став 2 од Законот за спортот ("Службен весник на РСМ" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 106/16, 190/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За активностите на Општина Демир Капија во областа на образованието и спортот во 2026 година**

**ВОВЕД**

**Образованието** е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и економскиот живот во општеството. Тоа претставува дејност од јавен интерес, и моќта на неговиот квалитет се ефектуира на две нивоа: на ниво на личниот развој на граѓаните и на ниво на развој на општеството. Образованието дава можност за стекнување знаења и вештини. Децентализацијата во образованието се состои во тоа да се подобри непосредниот пристап до образованието и да се унапреди квалитетот на стандардите во спроведувањето на образованието.

Согласно член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа, општината е надлежна за основање, финансирање и администрирање на основните и средните училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;

**Спортот** е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско-рекреативните активности на граѓаните. Спортот претставува секоја форма на физичка активност преку повремени и/или организирани учества и цели кон изразување и подобрување на физичката подготвеност и менталната благосостојба, создава социјални врски или пак постигнува резултати во натпреварување во сите нивоа. Спортот и здравите навики се клучни за правилен развој на младите генерации.

Согласно член 22 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа, општината е надлежна за развојот на масовниот спорт и рекреативните активности, организирањето на спортски приредби и манифестации, одржувањето и изградбата на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи.

Согласно член 22-а од Законот за спортот, надлежностите на општините во областа на спортот се:

- развојот на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните, опфатен во програмите на спортските и спортско-рекреативните клубови, во реализација на училишниот и студентскиот спортски систем, спортот за сите, а особено спортско-рекреативни активности на лица со посебни потреби;
- организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на систем на натпревари на општинско ниво, во одредени спортови и категории, поддржување на традиционалните спортски натпревари и манифестации, од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот систем на натпревари, системот на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби, како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните;
- одржувањето и изградбата на објекти за спорт, утврдување на мрежата на спортските објекти, нивно класифицирање, одржување, користење и опремување, планирање и изградба на современи спортски објекти и определување на рекреативни зони за масовно спортување и
- поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови и професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на општините,
- поддржување на општинските сојузи, како највисока форма на организирање, искажана во сублимирање на активностите и потребите на спортските клубови на подрачјето на општините, обезбедувајќи просторни, материјални и кадровски услови за нивно функционирање.

## I. ЦЕЛИ

Целта на програмата е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието, поддршка и унапредување на спортот, зголемено учество во процесот на организирање и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на локалните граѓани.

## II. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

### II.1 ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ТЕКОТ НА 2026 ГОДИНА

**1. Проект "Ранче за секое прваче"**

Училишен пакет за секое прваче со цел олеснување на почетните трошоци за учениците во семејствата, Општина Демир Капија за секое прваче во учебната 2026/2027 година во основното училиште ќе обезбеди училишен ранец со потребен училишен прибор за непречен почеток на учебната година.

**2. Проект "Ученичка униформа за секој ученик"**

Секој ученик од прво до деветто одделение во основното училиште ООУ" Димче А.Габерот" Демир Кпија ќе добие по еден комплет бесплатна училишна униформа (маици и дуксери) за учебната 2026/2027 година.

Целта на овој проект е сите ученици да бидат облечени во иста облека и да се навикнат на соодветен кодекст на облекување, без поделби и разлики помеѓу нив во начинот на

облекување, односно доаѓа до израз личноста на ученикот, а не неговиот изглед, а од друга страна на родителите им се намалуваат трошоците за купување облека.

**3. Награда за првенец на генерација**

Општина Демир Капија континуирано ги следи најдобрите ученици, ги мотивира и наградува. На крајот на учебната година најдобриот/те полуматурант/и, првенец/и на генерација од основното училиште "Димче А.Габерот" Демир Капија се наградува парично.

Општината за првенец на генерацијата за учебната 2025/2026, ќе исплати надоместок во висина од нето износ од 6.000 денари.

**4. Стипендии за ученици и студенти**

Општината согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на општински стипендии на ученици и студенти во Општина Демир Капија, врз основа на јавен повик доделува

- 3 (три) стипендии на ученици од III и IV година во средно образование
- 3 (три) стипендии на редовни студенти запишани на прв циклус студии на државни факултети во РСМ, со завршена најмалку една година од студиите во високото образование

Висината на стипендиите изнесува:

- 2.000 денари за ученици месечен износ во времетраење од 9 (девет) месеци и
- 3.000 денари за студенти месечен износ во времетраење од 9 (девет) месеци.

**5. Проект: Нова централна кујна при ООУ "Димче А.Габерот"**

Во завршна фаза е изградбата на кујна и ресторан за исхрана при основното училиште од 343м2, со магацински простор.

Со реализација на овој проект се создаваат услови за отварање на современа и функционална кујна и обезбедување квалитетна храна за учениците внатре во училиштето.

Општина Демир Капија инвестира во квалитетни услови за најмладите и нивниот здрав и безбеден развој.

**II.2 ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ТЕКОТ НА 2026 ГОДИНА СЕ СЛЕДНИТЕ:**

**1. Поддршка на училишни спортски клубови**

Со практикувањето на спортот кај децата започнува да се буди свеста за движење кое е неодминлив дел од здравиот развој на секој човек, се учи коректно социјално однесување, сочуство кон школските другари, љубовта кон спортот, тимскиот дух и соработката. Спортот исто така има и корективен карактер- корекција на деформитети.

Општина Демир Капија ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците од основното училиште на подрачјето на Општина Демир Капија.

➢ Износот на финансиска поддршка за активностите на училишниот спортски клуб УСК СПОРТСКИ КЛУБ ШАМПИОНИ-ДК Демир Капија за 2026 година изнесува 60.000 денари.

**2. Поддршка на спортски клубови и здруженија/фондации**

Еднократна финансиска помош се доделува на спортски клубови и здруженија/фондации за спроведување на програмски и проектни активности од областа на спортот (настани, турнири, манифестации, натпревари).

Правото на еднократна финансиска помош се остварува со поднесување на барање (прилог 5 од правилникот) до Советот на Општина Демир Капија со прилог на потребна документација:

- копија од тековна состојба од Централен регистар на РСМ не постара од шест месеци;
- копија од решение за вршење дејност спорт (за спортски клуб);
- финансиски извештај за добиени средства од Општина Демир Капија за претходната година;

Како баратели може да се јават спортски клубови и здруженија/фондации од областа на спортот кои имаат регистрирано седиште во Општина Демир Капија, како и спортски клубови и здруженија/фондации кои немаат седиште во Општина Демир Капија но реализацијата на проектот е на подрачјето на Општина Демир Капија.

За секое поединечно барање надлежната комисија се изјаснува со одобрување или неодобрување со предлог за висината на одобрениот износ. Врз основа на позитивното мислење од надлежната комисија, Советот донесува решение за одобрување на

еднократна финансиска помош.

Ова право е уредено со Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, фондации и асоцијации од буџетот на општина Демир Капија ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.12/2018).

Финансиски средства се доделуваат еднаш во текот на една календарска година.

**3. Поддршка на индивидуални спортисти**

Со цел да се поттикнат и наградат спортистите од нашата општина кои оствариле успеси во делот на спортот, како и да се стимулираат останатите за постигнување победи на спортските натпревари, Општина Демир Капија доделува еднократна финансиска поддршка за спортисти кои се жители на Општина Демир Капија, за постигнати резултати и учество на натпревари.

Правото на еднократна финансиска поддршка се остварува со поднесување на барање до Советот на Општина Демир Капија со прилог на потребна документација:

- копија од лична карта;
- доказ за постигнати спортски резултати (државни и меѓународни натпревари) од тековната или претходната година;
- доказ за учество на натпревари (државни и меѓународни);
- копија од трансакциска сметка;

*за спортисти до 18 години кон барањето се доставува и согласност потпишана од родител односно старател.

Како баратели може да се јават спортисти жители на Општина Демир Капија, државјани на РСМ без оглед на возраста на спортистот.

➢ Износот на финансиска поддршка за спортист кој постигнал спортски резултати изнесува:

- за освоено прво место 30.000 денари
- за освоено второ место 20.000 денари
- за освоено трето место 10.000 денари

➢ Износот на финансиска поддршка за учество на натпревар на спортист изнесува најмногу до 30.000 денари.

Финансиска поддршка се остварува еднаш во текот на една календарска година.

**4. Проект: Реконструкција на фудбалско игралиште во Демир Капија**

Во завршна фаза е реконструкцијата на фудбалското игралиште во Демир Капија на површина од 4500м2 и соблекувални од 78м2. Со реализација на овој проект ќе се обезбедат современи услови за тренинг, натпревари и рекреација на сите спортисти и жители на Демир Капија.

Спортот е навика, дисциплина, карактер и тимска работа, затоа Општина Демир Капија вложува во унапредувањето на спортската инфраструктура.

**5. Проект: Отворено игралиште за тенис во Демир Капија**

Тениското игралиште е веднаш до повеќенаменското игралиште на површина од 812м2.

Со реализација на овој проект ќе се создадат нови можности за спорт и рекреација, на љубителите на тенисот ќе им се овозможи да се рекреираат, да спортуваат, и да ги развиваат своите спортски вештини, да го подобрат своето здравје и подобро да си го организираат слободното време

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2026 ГОДИНА

| Ред .бр. | Активност | Носител на активност | Цели | Финансиски средства (сума изразена во МКД) | | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет на општина | Други извори | |
| 1. | **Проект "Ранче за секое прваче"** | Општина Д.Капија Основно училиште | Помош на родители кои имаат запишано ученик во прво одделение, со цел олеснување на почетните трошоци за учениците во семејствата | 90.000 | / | Број на првачиња<br>Родова застапеност на првачиња во % |
| 2. | **Проект "Ученичка униформа за секој ученик"** | Општина Д.Капија Основно училиште | -Намалување на социјалните разлики и еднаквост меѓу децата;<br>-Соодветен кодекс на облекување;<br>-Намалување на трошоците на родителите; | 354.000 | | Број на ученици<br>Родова застапеност на ученици во % |
| 3. | **Награда за првенец на генерација** | Општина Д.Капија Основно училиште | Мотивација за напредок; | 6.000 | / | Број на ученици/ првенци<br>Родова застапеност на во % |
| 4. | **Стипендии за ученици и студенти** | Општина Д.Капија | Материјална поддршка на ученици и студенти за понатамошно надградување во областите каде покажуваат интерес и успеси; | 135.000 | / | Број на ученици/студенти кои поднеле барање<br>Број на ученици/студенти кои добиле стипендија<br>Родова застапеност на во % |
| 5. | **Проект: Нова централна кујна при ООУ "Димче А.Габерот"** | Општина Д.Капија Основно училиште | Организирана исхрана за учениците | | 8.872.609 | Број на ученици<br>Родова застапеност во % |
| 6. | **Поддршка на училишни спортски клубови** | Училишен спортски клуб | -Создавање навики за редовно спортување;<br>-Поттикнување на натпреварувачкиот дух кај младите; | 60.000 | | Број на организирани настани<br>Родова застапеност на учесници во % |
| 7. | **Поддршка на спортски клубови и здруженија/фондации** | Спортски клубови Здруженија/фондации | -Унапредување и афирмација на спортот во општината;<br>-Поддршка на традиционални спортски натпревари и манифестации; | 600.000 | | Број поддржани спортски клубови/ здруженија<br>Број на организирани настани<br>Родова застапеност на учесници во % |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | **Поддршка на индивидуални спортисти** | Спортисти | -Поттик за учество на натпревари;<br>-Награда на учесниците за нивниот успех; | 100.000 | | Број на поднесени барања<br>Број на поддржани спортисти<br>Родова застапеност во % |
| **9.** | **Проект: Реконструкција на фудбалско игралиште во Демир Капија** | Општина Д.Капија | Создавање услови за спорт и физичка активност на граѓаните | | 12.865.292 | Број на организирани настани<br>Родова застапеност на учесници во % |
| **10.** | **Проект: Отворено игралиште за тенис во Демир Капија** | Општина Д.Капија | Унапредување на спортската инфраструктура | | 3.693.636 | Број на организирани настани<br>Родова застапеност на учесници во % |
| | | | **ВКУПНО** | **1.345.000** | **25.431.537** | |

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите предвидени со програмата ќе се финансираат од средства на Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година (програма N10 основно образование и L00 спорт и рекреација), донации, спонзорства и од други извори.

**IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 277/8
27.03.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за активностите на Општина Демир Капија за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026 год.**

Се објавува Програма за активностите на Општина Демир Капија за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026 год., што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/7 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 22 точка 10 и 11, и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02), член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство (“Сл.весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14,193/15, 39/16 и “Сл. весник на РСМ“ бр.152/19), член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21, и член 73 став 2 алинеа 1 од Статутот на општина Демир Капија (“Сл. Гласник на општина Демир Капија“ бр.08/05, 2/08 и 12/10), Градоначалникот на општина Демир Капија, му предлага на Советот да донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за активностите на Општина Демир Капија за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026 год.

**Вовед**

Со оваа Програма се остваруваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи, кои претставуваат активности од јавен интерес.

Според законските одредби Општина Демир Капија овие активности ќе ги остварува преку:

- Општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Просторните сили за заштита и спасување,
- ДПД Демир Капија,
- Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди и други несреќи на територијата на општината Демир Капија;
- Во соработка со РЦУК, ДЗС и ТППЕ – Неготино;

**1. Цели**

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Демир Капија во областа на заштитата и спасувањето противпожарната заштита и справувањето со кризи се:
- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, шумски пожари, пожари на отворен простор, поплави и др.
- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи.
- создавање на услови и можности за организирано остварување и релизација на заштитата на луѓето и материјалните добра.
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елеминирање на причините за настнување на пожарот и други видови на непогоди.
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита.

**2. Активности**

За реализација и остварување на оваа Програма, активностите на општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во областа на заштитата и спасувањето, протипжарната заштита и справување со кризи и други несреќи во мир. Бидејќи Општина Демир Капија нема своја Територијална противпожарна единица (ТППЕ), територијата на општина Демир Капија ја покрива ТППЕ од Неготино. Во оваа насока, општината во даден момент планира да ги ангажира членовите на ДПД Демир Капија, кои ќе работат на повик и ќе бидат анагажирани за гасење на пожари на отворен простор на територијата на Општина Демир Капија. Во составот на друштвото може да бидат опфатени и други граѓани кои доброволно ќе

пријават интерес да учествуваат во гасењето на пожари.

Со Програмата е предвидено за лицата кои ќе бидат ангажирани за гасење на пожари и лугето од Универзалната единица за заштита и спасување да има организирани обуки, спроведени од ТППЕ - Неготино или Дирекцијата за заштита и спасување - Центар за обука, за да може да делуваат во спречување на пожари или активно да учествува во гаснење на пожари.

Конкретни програмски активности
- Ангажираните лица ќе дејствуваат навремено при појава на пожари на отворен простор и шумски пожари се до пристигнувањето на местото зафатено со пожар на надлежните органи;
- Кога ќе има потреба од тоа, постојано ќе им помагаат на ТППЕ - Неготино, и ќе бидат под нивна команда на подрачјето зафатено со пожар;
- Постојано ќе соработуваат со други субјекти, надлежни органи и тела (ЦУК и ДЗС);
- Ќе учествуваат во справување и со други ризици и непогоди на територијата на Општина Демир Капија;

**3. Финансирање**

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, превенцијата и спраувањето со кризни состојби и дејствувањето на Доброволните противпожарни друштва, сезонските пожарникари, Општинскиот противпожарен сојуз и др. утврдени со оваа Програма ќе бидат релизирани од Средства од Буџетот на Општина Демир Капија.

**Распоредување на финансиските средства:**

| Ред. бр. | Намена | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Надоместок за гориво и масла | 10 000 |
| 2. | Надоместоци за дневници | 26 000 |
| 3. | Набавка на техничка и заштитна опрема | 30 000 |
| 4. | Обука на вработените во општината за ПП заштита | 12 000 |
| 5. | Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата | 2 000 |
| 6. | Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи | 20 000 |
| 7. | Набавка на работни униформи за ДПД | 20 000 |
| 8, | Договорни услуги за обука | 10 000 |
| 9. | Храна и освеж.пијалоци за ангажираните во гаснење на пожар | 20 000 |
| 10. | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица –учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 30 000 |
| 11. | Организирање и спроведување на обука на просторните сили и општинскиот штаб за заштита и спасување | 20 000 |
| | **Вкупно** | **200 000** |

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Демир Капија. Општината во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и други надлежни органи и тела, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината релизација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Демир Капија“.

Број 08 – 277/9 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување**

Се објавува Решение за именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување,

што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/8 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 2 од Уредбата за начинот на раководење и командување со силите за заштита и спасување и командите ("Службен весник на РМ" бр.18/06), Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување**

1. **Се формира** општински штаб за заштита и спасување на територијата на општина Демир Капија во состав:

За **Командант** на општинскиот штаб за заштита и спасување на општина Демир Капија се именува

- **Мирјана Јаневски** – Претседател на Советот на Општина Демир Капија;

За **Началник** на општинскиот штаб за заштита и спасување на општина Демир Капија се именува

- **Младен Петров** – одговорен државен службеник за заштита и спасување од општинската администрација;

2. За **помошници на Началникот** за заштита и спасување се именуваат:

- **Петар Јованов** – претставник на ЈКП "Бошава" Демир Капија;
- **Слободан Чапов** – претставник на ЈП "Национални шуми" подружница Демир Капија;
- **Блаже Димитриев** – претставник на ЈП "Национални шуми" подружница Демир Капија;
- **Зоран Честоев** – претставник на Доброволно противпожарно друштво Демир Капија;
- **Димитар Велков** – претставник на ЖРСМ - Инфраструктура;
- **Трајче Трајковски** – претставник на "Македонија Пат" пункт Демир Капија;
- **Тони Петков**– Раководител на Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, општинска администрација;
- **Јулијана Гацева** – претставник општинска администрација;

3. Со денот на влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението за именување на Командант, Началник и членови на штабот за заштита и спасување на општина Демир Капија бр.08-424/13 од 31.05.2022 година и Решението за изменување на решението за именување на Командант, Началник и членови на штабот за заштита и спасување на општина Демир Капија бр.08-507/8 од 26.08.2024 година.

4. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 277/10 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Комисија за селекција на кандидати по Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен, односно надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за селекција на кандидати по Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен, односно надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/9 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,

Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 17-а став 4 и член 26-а од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на Комисија за селекција на кандидати по Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен, односно надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија**

**1.** Се формира Комисија за селекција по Јавен повик за избор на еден член на управен и еден член на надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија во следниот состав:
- **Тања Петрова**, вработен/а во Општина Демир Капија, **претседател на Комисијата;**
- **Невенка Атанасова**, вработен/а во Општина Демир Капија, **заменик претседател на Комисијата;**
- **Менча Петкова**, вработена Општина Демир Капија, Одделение за човечки ресурси, **член на Комисијата;**
- **Даниела Трајкова**, вработен/а во Општина Демир Капија, **заменик член на Комисијата;**
- **Оливера Аџиева**, вработен/а во јавното претпријатие, **член на Комисијата;**
- **Зоран Честоев**, вработен/а во јавното претпријатие, **заменик член на Комисијата;**

**2.** Комисијата за селекција за избор на членови на управниот, односно надзорниот одбор ќе спроведе постапка за селекција во две фази:
- Фаза 1 - административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и
- Фаза 2 – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

**3.** Начинот на бодирање за секоја од фазите на селекција поединечно ќе се врши согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите ("Службен весник на РСМ" бр.213/24).

**4.** Комисијата врз основа на ранг листата, изготвува и доставува предлог на кандидати за член на управниот, односно надзорниот одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија до Советот на Општина Демир Капија.

**5.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Демир Капија".

Број 08 – 277/11 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП "Бошава" Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП "Бошава" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/10 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП "Бошава" Демир Капија**

**1.** Советот на Општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП "Бошава" Демир Капија бр.02-167/9 од 10.03.2026 година, донесена од Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на 10.03.2026 година.

**2.** Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 277/12 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/11 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" Демир Капија за 2025 година**

1. Советот на Општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Финансиски извештај за 2025 година на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О Демир Капија, усвоен од Управниот одбор на претпријатието на седница одржана на 10.03.2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 277/13 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/12 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на VII–та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за 2025 година**

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Годишниот финансов извештај по завршна сметка (сметка за блок дотации и сметка за сопствени приходи) на Општинското основно училиште "Димче А.Габерот" од Демир Капија за 2025 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 277/14 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/13 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен финансов извештај на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2025 година**

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Годишниот финансов извештај (за сметка блок дотации и сметка за сопствени приходи) на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2025 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 277/15 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/14 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот

на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2025 година**

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Годишниот финансов извештај по завршна сметка (сметка за блок дотации и сметка за сопствени приходи) на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2025 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 277/16
27.03.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/15
30.03.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2025 година**

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Годишниот извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2025 година, усвоен од Управниот одбор на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија на седница одржана на ден 10.03.2026 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 277/17
27.03.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/16
30.03.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25), Советот на општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Демир Капија**

**Член 1**

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Демир Капија бр.0701-120/11 од 15.03.2006 година ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.1/2007, 2/2008 и 2/2017), членот 11 се менува и гласи:

"На авто-такси станиците возилата се паркираат по редот на доаѓање.

Тарифата за авто-такси превозот на патници во општина Демир Капија изнесува:

| | Старт (почеток) на превозот | По изминат км | Чекање во траење до 1 час |
|---|---|---|---|
| **Тарифа 1** во рамки на општина | 40 денари | 30 денари | 250 денари |
| **Тарифа 2** во рамки на општина (00:00 до 06:00) | 40 денари | 40 денари | 250 денари |
| **Тарифа 3** кон друга општина | 40 денари | 15 денари | 250 денари |

Цените се со пресметан ДДВ.

Тарифата за авто-такси превозот се зголемува и се усогласува со такси превозниците по секое зголемување на нафтените деривати, а ја утврдува надлежен орган на општина Демир Капија.

Превозникот е должен на возилото на видно место да ја истакне тарифата".

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 277/18
27.03.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб ЈАНГ БОИС Неготино**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб ЈАНГ БОИС Неготино, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/17
30.03.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, фондации и асоцијации од буџетот на општина Демир Капија ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.12/2018), постапувајќи по барањето бр.08-121/1 од 02.02.2026 година од Фудбалски клуб ЈАНГ БОИС Неготино, Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб ЈАНГ БОИС Неготино**

**1.** Советот на Општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **50.000,00 денари** на Фудбалски клуб ЈАНГ БОИС Неготино, кои средства ќе бидат искористени за превоз на деца/членови од Демир Капија и с.Корешница за време на домашни натпревари.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година, Програма А00 подставка 463 110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка 270069069660322.

**3.** Фудбалскиот клуб да достави извештај за тоа каде се потрошени одобрените средства.

**4.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 277/19 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/18 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и Програмата за активностите на Општина Демир Капија од областа на културата за 2026 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.1/2026), постапувајќи по барањето бр.08-223/1 од 02.03.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување финансиски средства**

**1.** По барање на Љупчо Андонов од с.Прждево, Советот на Општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **15.000,00 денари**, за одбележување на празникот "Велигден" во селото Прждево.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на сметка 240327104149742 на лицето Љупчо Андонов од Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година, Програма А00, потставка 464 990 – други трансфери со цел на дознака: за празник Велигден, и истите наменски да се искористат.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 277/20 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/19 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-227/1 од 03.03.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **6.000,00 (шест илјади) денари** на лицето **СПАСО АТАНАСОВ** од Демир Капија ул.Партизанска бр.43, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210501735817668 на лицето Спасо Атанасов од Буџетот на Општина

Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 277/21 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/20 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-239/1 од 09.03.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **10.000,00 (десет илјади) денари** на лицето **ЈАНУШ ЗАХАРЧЕВ** од Демир Капија ул.8-ми Март бр.3, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210501667424132 на лицето Јануш Захарчев од Буџетот на Општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 277/22 Претседател на Совет на
27.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства на ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ДЕМИР КАПИЈА Демир Капија**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства на ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ДЕМИР КАПИЈА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.03.2026 година.

Број 09–303/21 Градоначалник на
30.03.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), постапувајќи по барањето бр.08-285/1 од 19.03.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VII-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување финансиски средства на ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ДЕМИР КАПИЈА Демир Капија**

**1.** Советот на Општина Демир Капија го усвои барањето на ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ДЕМИР КАПИЈА Демир Капија и ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **60.000,00 денари**, за покривање на трошоците

за организирање на 24-те регионални ревии на песни, музика и игри во шестиот регион.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на сметка на Здружение на пензионери Демир Капија од Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година, Програма А00, потставка 463 110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации со цел на дознака: 24-те регионални ревии, и истите наменски да се искористат.

**3.** Здружението да достави извештај за тоа каде се потрошени одобрените средства.

**4.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 277/23 | Претседател на Совет на |
| 27.03.2026 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Мирјана Јаневски с.р. |